Уп. бр.08-97

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ККЦГ Технологиес д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, доставено преку адвокатско друштво Георги Димитров Адвокати од Скопје, на седницата одржана на ден 22.09.2021 година, го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.Се утврдува дека концентрација со која ККЦГ Технологиес д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка Република има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Арицома Гроуп а.д., со седиште на адреса Либалова 2348/1, Ходов, 149 00 Прага 4, Чешка Република, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 25.08.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ККЦГ Технологиес д.о.о., со регистрирано седиште на адреса Европска 866/71, Воковице, 160 00 Прага 6, Чешка Република, со која ККЦГ Технологиес д.о.о., Прага 6, Чешка Република има намера да стекне самостојна контрола над друштвото Арицома Гроуп а.д., со седиште на адреса Либалова 2348/1, Ходов, 149 00 Прага 4, Чешка Република.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

ККЦГ Технологиес е друштво кое припаѓа на ККЦГ групацијата.

ККЦГ Групацијата инвестира во различни деловни области, вклучително и во лотарија и игри на среќа, нафта и гас, недвижности и информациски технологии. Групацијата управува со повеќе од 30 компании во 18 земји низ светот.

Во Северна Македонија, ККЦГ Групацијата е првенствено присутна преку своето друштво-ќерка Касинос Аустриа Интернатионал Холдинг ГмбХ (“КАИ”), друштво основано во согласност со законите на Австрија. Поточно, КАИ индиректно поседува ххх[1] во КАСИНОС АУСТРИА ИНТЕРНАТИОНАЛ МАКЕДОНИЈА ДОО СКОПЈЕ (“КАИ Македонија”). КАИ Македонија има удел од 49% во Друштвото за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија – КАСИНОС АУСТРИА ДОО Скопје (“ДВЛМ”), кое пак оперира со терминали за видеолотарија во Северна Македонија. Иако КАИ индиректно поседува само ххх од ДВЛМ, за донесување на било која одлука на содружниците потребна е едногласност и во КАИ Македонија и во ДВЛМ. Соодветно на тоа, учеството на КАИ во ДВЛМ е како во заеднички потфат.

Дополнително, ККЦГ Групацијата има извесни активности во Северна Македонија и преку контрола на Сеавус Групацијата. Во Северна Македонија, Сеавус Групацијата ги има следните друштва:

- СЕАВУС ДООЕЛ Скопје;
- СЕАВУС ЕДУКАТИВЕН И РАЗВОЕН ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје.

Во Северна Македонија, Сеавус Групацијата е активна во полето на ИТ-услугите на клиенти на Сеавус Групацијата, директно или како подизведувачи на други лица од групацијата кои го имаат директниот контакт со крајниот клиент.

**Арицома Гроуп а.д.** е основното друштво на Арицома групацијата, ИТ групација од Чешка. Друштвата од групацијата обезбедуваат различни ИТ услуги, вклучително и ИКТ инфраструктура и онлајн складирање на информации, имплементација на информатички системи, развој на софтвер, ИКТ безбедност и аутсорсирање на комплексна инфраструктура.

Постојат два огранoци на Арицома Групацијата: (i) чешкиот/словачкиот огранок (Арицома Гроуп а.д.) и (ii) меѓународниот огранок (Арицома Гроуп АБ). Разликата меѓу двата огранoци е што БЈООРГЕА а.д. во моментот поседува удел само во чешко-словачкиот огранок, кој е контролиран заеднички. Од друга страна, меѓународниот огранок (кој ја вклучува и СЕАВУС Групацијата) уште сега е под целосна контрола на ККЦГ Групацијата. Оттука, трансакцијата која е предмет на ова известување (промена на носителот на целосна контрола на Целното

[1] Податоците обележани со ххх претставуваат деловна тајна

друштво) се однесува само на чешко-словачкиот огранок на Арицома Групацијата (Арицома Груп а.д.)

Арицома Груп а.д. е контролирана заеднички од ККЦГ Групацијата (со удел од 70%) и чешката компанија БЈООРГЕА а.д. (со удел од 30%). Со предметната трансакција, ККЦГ Групацијата ќе го стекне уделот од 30% во Арицома од БЈООРГЕА а.д. На тој начин, ККЦГ Групацијата ќе се стекне со 100% од уделите и со целосна контрола на Арицома.

Арицома нема зависни друштва и нема деловни активности во Северна Македонија во 2020 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1 и 2 од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законотза заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**